Милан Дамјаноски

# СТАТУСОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

- Збирка афоризми -

Културна установа Блесок
2018

Copyright © „Блесок“ и Милан Дамјаноски, 2018.

Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Објавувањето на оваа книга е помогнато од Министерството за култура на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РМ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

ДАМЈАНОСКИ, Милан
Статусот на нашето време : збирка афоризми / Милан Дамјаноски. - Скопје : Блесок, 2018. - 169 стр. ; 20 см

Слика и белешка за авторот: стр. 168-169

ISBN 978-9989-59-675-9

821.163.3-84
COBISS.MK-ID 106753802

**Милан Дамјаноски**

# СТАТУСОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

**- Збирка афоризми -**

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2018

# I. СТАТУСОТ НА МАКЕДОНИЈА

1] Македонија – земја со 2 милиони луѓе со специјални потреби за вработување.

2] Македонците сакаат сѐ да повторат барем два-три пати, ама најмногу истите грешки.

3] Македонија – земја каде што е поважно да си договорен од одговорен.

4] Господ да беше Македонец, два дена ќе планираше, а по пет дена ќе отидеше на продолжен викенд.

5] Дури и на Господ му требаат екстра три дена да заврши некоја работа во Македонија.

6] Во Македонија славата не е минлива, може само да биде посна или мрсна.

7] Во Македонија сѐ се знае, ама се водиме од принципот „не кажувај да не се дознае дека е од мене".

8] Македонија – држава во која во последните 5 минути губиме натпревари и раскинуваме договори.

9] Гоце, не знам колку сфаќаш, ама твоите наследници не оставија ниту култура, ниту поле живо, само лотарија за натпревар меѓу народите за работа.

10] Имам верба во проектот „Македонија", немам доверба во имплементаторите.

11] За Велигден вечното прашање што е прво, јајцето или кокошката, нема потреба да се поставува. Се знае, прво е јајцето, па јагнешкото.

12] 4 дена Велигден – цела државна администрација се крсти и вика фала богу на продолжен викенд. Ваистина се крсти!

13] Третиот ден на продолжен викенд е сличен на третиот ден на Велигден, денот кога ваистина воскреснуваш одморен.

14] Ако гледате како денес или утре се шетаат групи мажи по спидо гаќи, се мачкаат со масло и имаат накит околу вратот, не плашете се, не е геј парада, туку утре се Водици.

15] Среќа што странците не доаѓаат на Коледе, инаку веднаш ќе падне митот за музикалноста на Македонците.

16] Утре е Коледе, станете порано и снимете си го новиот тон за алармот на телефонот, 100% гарантирано дека ќе ве разбуди.

17] Не заборавајте на Бадник дека не е важна паричката во лебот, туку здружените раце околу него што го држат.

18] Бадник е само датум на календарот без семејството и семејната вечера.

19] Бадникарски оган – доказ дека како народ сме подготвени да се фрлиме во оган, само ни треба малку алкохол.

20] Никој во Македонија не бара објаснување, сите бараат само платформа за викање.

21] 1903 – последен пат кога Македонецот во лето 10 дена посветил на востание наместо на годишен одмор.

22] Сте забележале како во историјата немаме ниту една офанзива или востание пред февруари? Е па, тоа е..

23] Тешко е да се крене револуција во Македонија пред Нова година. Некогаш си мислам дека Февруарскиот поход не можел да почне сѐ додека не завршиле сите слави...

24] За обичниот македонски граѓанин некогаш не е толку важно да биде во право, колку да биде во „Веро".

25] Нема тајна во Македонија која во доверба нема гласно да биде кажана во кафана или кафич.

26] Македонецот 5 века никој не го слушал, затоа сега дури и во најнебитната дискусија мора бргу да зборува и да вика, сѐ да каже, колку и да е некохерентно, оти генот му вика дека може да дојде некој и да го замолчи. Истрпете уште еден век, ќе ни помине и тој нагон....

27] Кој е најбезобразниот збор во модерниот македонски јазик? Жирант.

28] На Македонец среќата да му чукне на врата, ќе помисли дека носи покана за суд и нема да ѝ отвори.

29] Нѐ изненадува снег во јануари, Охрид копа улици сред туристичка сезона, дознаваме дека ги испратиле на редовна поправка Канадерите во јули, оти нели мали се шансите за пожар на 40 степени... Тоа е тој македонски осет за планирање.

30] Фрла отпушок во ходник штом ќе излезе од врата, се жали дека е нечиста зградата. Ист е пристапот и кон политиката и општеството на просечниот македонски гласач.

31] Просечен македонски граѓанин – недоволно сиромашен да му ги простат долговите, недоволно успешен сам да си ги плати сметките.

32] Од цела математика, Македонецот најдобро научи како да најде НЗС на краците.

33] Обичниот македонски граѓанин има цврста верба дека никогаш нема да настрада од подмрзнати улици, неисчистени скали и неплатени сметки.

34] Си патиме од синдромот „цреšово топче" – сакаме спектакуларни резултати со евтини суровини, после се чудиме што целиот проект ќе се „расцвета" уште на почетокот.

35] Не може ниту една фраза во македонскиот јазик да собере повеќе резигнираност и немоќ од „тоа е тоа".

36] Во Македонија никој никогаш не признава пораз и одговорност – од обложувалница, преку испити, до избори и политика.

37] На просечниот македонски гласач не му се проблем наместени избори и утакмици ако профитира од нив.

38] Си патиме од тој експертски став: „Не сакам да генерализирам, ама ништо не чини кај нас".

39] Во рамките на секоја државна институција лежи едно скриено КУД.

40] Токму во овој момент, во фирма блиску до вас, се води тежок бој за тоа кој кога да го земе летниот одмор...

41] Македонците патат од хронична дислексија – никогаш не се сигурни дали да се жалат или да лажат.

42] Денес владее принципот – зошто да биде просто кога може простачко.

43] Да се разбереш со некои луѓе е како да се обидеш да пресечеш со нож во македонски ресторан, никогаш не успеваш од прва.

44] Кои се најтешките три збора за изговарање во македонскиот јазик? Во право си.

45] Македонецот со тоа што се довикува од соба во соба или на улица симболички не дава да го ограничат границите, ма не ја признава поделбата на мајка Македонија! Или е само мрзлив да стане и да отиде во другата соба...

46] Во петок пцуе зашто заглавил во сообраќај цел ден, во сабота брза да стигне на бесплатен концерт на Северина – профил на мнозинството граѓани и гласачи.

47] Некои македонскиот јазик го користат исто како интернет. Иако имаат можност за неограничено истражување и креирање, тие секогаш се задржуваат на истите два-три портали и социјални мрежи и се жалат дека нема избор.

48] Не си патиме од теорија на заговори, туку од практиката на немање разговори и дебати.

49] Кои се најмакедонски интерпункциски знаци? Три точки (кога и да се најдат заедно, не можат да завршат ниедна реченица).

50] Кај нас сѐ доцни, само изборите предвремени.

51] Патриотизмот е секогаш обратнопропорционален на невремето.

52] Македонија – каде што сѐ почнува од нас, освен одговорноста.

53] Вистински Македонец не плаќа за куќен совет, не па за Обединети нации...

54] Да се најде некој Тесла да ја трансформира паниката во електрична енергија, Македонија ќе има бесконечни ресурси.

55] „Накратко“ е неограничена категорија во македонскиот менталитет.

56] Шродингер да бил Македонец, наместо мачка, би искористил новчаник за својата теорија, зашто никогаш не би бил сигурен дали му останало пари во него или не...

57] Ескимите во зима живеат во топло игло опкружено со поларна белина, Македонците во една соба што ја греат опкружена со други соби со поларни температури.

58] Во Македонија има два ритуала кои претставуваат премин од младоста во светот на возрасните – идење на одмор и идење на слава во парови.

59] Тој придушен џагор што насекаде се слуша е ехото на два милиони луѓе кои се жалат.

60] Уште не сме решиле кој хамбургер е најдобар, а вие сакате да го решиме македонското идентитетско прашање.

61] За Македонецот живот е нешто во што некој друг ужива додека ти работиш, а ти му го плаќаш, со кратки паузи за кафе, кладилница и серија.

62] Со новиот „Правопис на македонскиот јазик", именката разговарање се заменува со именката жалење. Фразата нормален разговор со аргументи се префрла во категоријата апстрактни поими.

63] Најпопуларен спортски термин во Македонија – дрво.

64] Америка ја има Џеј Ло, Македонија Луди Ло.

65] Трите фази на македонскиот зен: Трпи – Потрпи – Претрпи.

66] Во Македонија крајот секогаш го касни делото.

67] Македонија – земја каде што објаснувањата се повторуваат трипати, не па грешките...

68] Од идеја до реализација сѐ уште одиме по селски пат.

69] Македонската скала на очекувања се движи од „за ништо не нѐ бива" до "ќе биде".

70] Македонски сон – од парталко до газда.

71] Кај нас си исклучок ако работиш по правило.

72] Во Македонија секогаш зборовите што завршувале на НГО добивале митски размери: Бинго, Манго, Канго, Ѕинго, NGO...

73] Ако има прашање на екстерното тестирање за нашите млади: „Пивските фестивали се културни настани – Точно или погрешно", повеќето би одговориле со – Точено.

74] Македонскиот лав како што идат годините можеби ја губи гривата, ама надоместува со стомакот.

75] Трите патриотски годишни времиња: Во лето брани ја Егејска, во зима Пиринска, во меѓувреме жали се од Вардарска Македонија.

76] Форест Гамп да беше од тука ќе сфатеше дека добил бонбониера која е 200 пати давана од рака на рака и веќе станала бајата додека да ја отвори, исто како и ветувањата за младите во Македонија.

77] Еден од најгенијалните изуми на македонската мајка како подолго да трае семејниот буџет: достави вода во шампонот, јајцата, млекото, јогуртот итн. Камо среќа да функционираше така и за кредитните картички...

78] Македонското срце чука во 7/8 – 7 дена во неделата, 8-от ден споен државен празник.

79] Понеделникот по 2 август, денот кога цела една нација жали за славното минато – продолжениот викенд што завршил.

80] Во Македонија не ни е најчесто полна устата ни со професионализам, туку со ќебапи.

81] Кога наместо мобилниот, прстот ќе го вперимe кон себе, дури тогаш можеби ќе ни тргне.

82] Во Македонија и да си академик, нема да можеш да избегнеш да бидеш претседател на куќен совет и да се раправаш со пари за чистачка.

83] Во Македонија толку сме сите стручњаци за спорт, политика, врски и обложување, што цело време чекаме наредното коло конечно да ни донесе добивка.

84] Кој е напитокот што Македонецот најчесто го консумира на сабајле, напладне и навечер? притиСок.

85] Пензијата кај нас се смета за рецепт за подобар живот, но додека да ја дочекаш, ќе ти бидат потребни рецепти за сè друго.

86] Способноста да довршиш цела реченица во дискусија кај нас не е само јазична и интелектуална, многу често е и борбена вештина.

87] За народ со толку имиња што завршуваат на Че, ретко се наоѓа некој што е подготвен да се жртвува за своите идеали.

88] Порано кога ќе го спомнеше „Идиот", мнозинството ќе помислеше на Достоевски, денес ако го спомнеш Достоевски, мнозинството ќе помисли дека си идиот.

89] Дали веруваш во еднорози? Да видам што ќе ми кажат во штаб.